# НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА
# ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПОДАТОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ЦАРИНСКАТА ВРЕДНОСТ (ДВ.1)

Составен дел од царинската декларација претставуваат и податоците за утврдување на царинската вредност на стоката која служи за понатамошна пресметка на давачките.
Податоците за утврдување на царинската вредност на стоката може да се внесат на ниво на заглавие (Header level) и на ниво на наимеување (Goods item level).

1. Нето цената и валутата од фактурата (вистински платена цена или цена која треба да се плати во моментот на утврдување на царинската вредност) се наведува во рубрика 42 од декларацијата за податоците поврзани со царинската вредност (ДВ.1) на **<u>ниво на наименување.</u>**




2. Доколку кон нето цената од фактурата треба да се вклучат додатоци (на пример: транспортни трошоци, трошоци за утовар и маниулативни трошоци, осигурување и др.), **<u>а кои се однесуваат на целата пратка, истите се наведуваат во делот Б. Додатоци на ниво на заглавие.</u>** Овие трошоци се внесуваат во износ и валута во кои се изразени, при што системот овозможува истите да бидат изразени во различни валути. На пример, за транспортните трошоци може да бидат внесени во евра, а трошоците за осигурување во американски долари.
Системот врши автоматска распределба на овие трошоци по наименуванија.



3. Доколку кон нето цената од фактурата треба да се вклучат **<u>додатоци кои се однесуваат на конкретното наименување</u>** (на пример: хонорари за авторски права и лиценци, осигурување и др.) истите **<u>се наведуваат во делот Б. Додатоци на ниво на наименување</u>**. Овие трошоци се внесуваат во износ и валута во кои се изразени, при што системот овозможува истите да бидат изразени во различни валути. На пример, за хонорари за авторски права и лиценци може да бидат внесени во евра, а трошоците за осигурување во американски долари.

   Системот ги додава овие трошоци само на цената на производот од конкретното наименување.



**В. Дополнувања**

| | Износ на фактура | Валута | | Девизен курс | Пресметан износ во МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| Провизии, освен провизии за купување | | | | | 0.00 |
| Брокерство/Застапништво | | | | | 0.00 |
| Контејнери и колети | | | | | 0.00 |
| Наименувања вклучени во Увезените стоки | | | | | 0.00 |
| Наименувања употребени во производството на увезени стоки | | | | | 0.00 |
| Материјали конзумирани во производството на увезени стоки | | | | | 0.00 |
| Работа, планови и скици изготвени на друго место освен Заедницата и неопходни за производство на увезени стоки | | | | | 0.00 |
| Хонорари за авторски права и лиценци | 150 | EUR | Euro | 61.4933 | 9224.00 |
| Добивка од понатамошна препродажба, отстранување или употреба остварени од продавачот | | | | | 0.00 |
| Транспортни трошоци | | | | | 0.00 |
| Трошоци за утовар и манипулативни трошоци | | | | | 0.00 |
| Осигурување | 50 | USD | Американски долар | 54.16 | 2708.00 |

4. Постапката од точките 2 и 3 е идентична и кога треба да се внесат податоци за одбитоците (трошоци вклучени во нето цената од фактурата) кои се наведуваат во рубриката **<u>В.Одбитоци</u>** од декларацијата за податоците поврзани со царинската вредност (ДВ.1).